Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 26 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024) и член 14 став (1) точка 39 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), а по предлог на Градоначалникот на Општина Крива Паланка, Советот на Општина Крива Паланка објавува:

# Јавен повик
# за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член во Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка

## ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на Јавниот повик е спроведување на постапка за избор на еден (1) член во Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка, со седиште на ул.„Илинденска“ бр.17, Крива Паланка.

Постапката ќе се спроведе согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024).

Основна дејност на претпријатието/Главна приходна шифра е 38.110-Собирање безопасен отпад.

## ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат сите лица кои ќе пројават интерес за пријавување на кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во Јавниот повик.

Јавниот повик со сите услови се објавува на веб страната на Општина Крива Паланка www.krivapalanka.gov.mk и на веб страната на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка www.jpkomunaleckp.mk.

## УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

За член на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка може да биде лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII степен образование од областа на економските науки и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Членот на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка, треба да има и соодветно работно искуство, и тоа:

– најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење.

Времетраењето на мандатот на членот на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

**НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК**

Задолжителни документи кои треба да бидат доставени како доказ за исполнување на условите за член на надзорниот одбор на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка се:

1. Образец за пријавување,
2. Кратка биографија,
3. Уверение за државјанство на Република Северна Македонија,
4. Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
5. Потврда дека со правосилна судска пресуда не му изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
6. Потврда дека има најмалку пет години работно искуство (Преглед/потврда за евидентиран стаж од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија),
7. Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон за бараната позиција.

**ПОСТАПКА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЧЛЕН**

Постапката за селекција на член на надзорниот одбор на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка. се состои од две фази и тоа:

-Фаза 1 – административна селекција (фаза во која се врши проверка на внесените податоци во пријавата со условите од јавниот повик кои треба да се идентични со условите утврдени во Законот за јавните претпријатија, како и на доставените докази и се врши нивно бодување) и

– Фаза 2 – интервју (фаза во која преку ситуациони и стручни прашања и практични задачи се проверуваат општите и посебните работни компетенции на кандидатот и се врши нивно бодување, а се поставуваат и општи прашања со кои се проверува интересот и мотивацијата на кандидатот за работата, прашања за неговото претходно работно искуство, очекувањата на кандидатот и сл.).

Точниот датум, време и место на одржување на интервјуто ќе бидат објавени на веб страната на Општина Крива Паланка: www.krivapalanka.gov.mk.

**РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ**

Јавниот повик се објавува на ден 16.03.2026 година и трае 5 (пет) дена, односно најдоцна до 23.03.2026 година.

Пријавените кандидати соодветната документација во хартиена форма во оригинал или копија заверена на нотар заедно со пополнета Пријава на образец за пријавување (која е во прилог кон повикот) да ја достават до:

Архивата на Општина Крива Паланка, ул.„Св.Јоаким Осоговски“ бр.175, Крива Паланка (со назнака: За Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на

член во Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка).

Незадоволните кандидати од изборот за член во надзорниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

Напомена: Пријавите без комплетно приложена документација или кои се доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Трајковски**